Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 6–ТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 15 ЈАНУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Адмир Шабани

**ЗАПИСНИК**
од шестата седница на Државната изборна комисија

Шестата седница на Државната изборна комисија се одржа на 15 јануари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14:20 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов-** Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи-** Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
Добре Јанчев- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог-Правилник за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија;

2. Предлог за донесување на Одлука за објавување на јавен повик за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија; и

3. Разно;

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.

**Точка 1**

Образложение по Предлог-Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, даде Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, при што замоли од страна на изготвителите на истиот да појаснат како е дојдено до содржината на истиот.

Образложение за содржината на истиот дадоа државниот советник Добре Јанчев и раководителот на одделението за едукација Адмир Шабани, кои што укажаа дека до содржината на истиот е дојдено имајки ги предвид сите предлози од страна на Комисијата дадени на претходната седница и претходниот работен состанок.

Комисијата го разгледа Предлог-Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, и по дадените забелешки за подобрување на содржината на истиот односно по усогласување на бодирањето по бараните услови, на изготвителите им беше наложено да ги вметнат сите прифатливи предлози од Комисијата и да достават текст кна Правилникот кој ќе иде на гласање.

Изготвителите на Предлог-Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, откако ги вметнаа предлозите дадени од Комисијата во текстот на Правилникот, истит го доставија до комисијата и по Предлог на Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, Предлог-Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија го стави на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија**

**Точка 2**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, во врска со оваа точка од дневниот ред, укажа дека со оглед на фактот дека Комисијата веќе донесе Правилник за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија потребно е да се донесе и ова одлука за објавување на јавен повик за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, и да се утврди содржината на јавниот повик за избор на генерален секретар на ДИК.

Комисијата го разгледа текстот на Јавниот повик за избор на Генерален секретар на ДИК, и се согласи со содржината на истиот.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на текстот на јавниот повик, истиот беше ставен на усвојување.

Комисијата едногласно донесе одлука за објавување на јавен повик за избор на Генерален секретар на Државната изборна комисија, со заклучок, јавниот повик да се објави во два дневни весници и тоа, во „Дневник“ на македонски

јазик и неговото кирилско писмо и во „Коха“ на албански јазик и неговото писмо.

**Точка 3 –Разно**

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, ги информираше членовите на ДИК, дека од страна на специајалното јавно обвинителство стигна наредба заведено во ДИК со број 03-2016/1на ден 22.12.2015 година, со кое се задолжува ДИК да ги достави следните податоци:

Избирачки списоци со состојба пред јавен увид и избирачки списоци после јавен увид за изборите одржани во 2009 година, 2011 година, 2013 година и 2014 година.

Исто така ги извести членовите на ДИК дека постапувајки по наредбата , ДИК денеска ги предаде бараните материјали во електронски облик, во база на податоци подготвена од Раководителот на Секторот за информатичка технологија а истата беше потврдена од страна на Претседателот на ДИК и истат на рака е предадена односно е доставена до надлежното јавно обвинителство.

Во врска со предавањето на материјалите членот на ДИК, Игор Милев, укажа дека во списокот на доставени документи никаде не се гледа дека ги доставуваме целосно бараните списоци, а се гледа дека доставуваме и список за 2015 година кој не се бара во наредбата, додека ако за некоја година немаме во електронска форма податоци треба да се образложи, поради која причина ги немаме податоците во таков облик, односно да се наведе во записникот прецизно што доставуваме бидејки сметаше дека не ги доставуваме целосно бараните податоци кои се бараат по наредбата.
Членот на ДИК, Виолета Дума, се согласи со мислењето на г.Милев, бидејки сметаше дека записникот за примо-предавање не се соодносува во целост со барањето на специјалното јавно обвинителство, односно не е доставен целокупниот баран материјал, поради тоа укажа дека не е задоволна од начинот на доставување на бараните материјали, бидејки треба да се направи јасна процедура на доставување на материјали при таквите барања на обвинителствата.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, укажа дека на барањата кои стигаат до ДИК за потребни материјали за работата на јавните обвинителства, ДИк треба на истите да одговори и да постапи на начинот на кој се бара од нивна страна. Во овој дел нема ништо лошо бидејки во записниците за примо-предавање , имаме траг што сме примиле и што сме изнеле по барања на обвинителствата.Исто така побара службите да одговорат дали е постапено во целост на барањата на обвинителствата, аако не е постапено во целост треба да се наведат причините зошто не е постапено во целост, известувањето до ДИК да биде во писмена форма која ќе ги содржи сите барани информации.

Поради горенаведеното членот на ДИК Игор Милев предложи да се направи извештај во кој ќе бидат вметнати сите податоци околу изборниот материјал со кој располага Државната изборна комисија, од која година е изборниот материјал, доколку е уништен да се наведе дека изборниот материјал за одредена година е поништен со одредена постапка, значи извештај кој ќе ги содржи сите барани податоци со цел Комисијата да има увид со кои материјали располага и кои материјали може да им се достават на обвинителствата.

Во врска со ова прашање, Претседателот на ДИК, се согласи со предлогот на членот на ДИК Игор Милев и предложи Стручната служба на ДИК, да изготви Известување со кои материјали располага ДИК во врска со овие барања од обвинителствата, да изготви известување кои материјали се доставени до обвинителствата, како и известување кои материјали не се доставени а се барани од обвинителствата со образложение поради кои причини истите не се доставени како ида се направи извештај во кој ќе бидат вметнати сите податоци околу изборниот материјал со кој располага Државната изборна комисија, од која година е изборниот материјал, доколку е уништен да се наведе дека изборниот материјал за одредена година е поништен со одредена постапка, значи извештај кој ќе ги содржи сите барани податоци со цел Комисијата да има увид со кои материјали располага .

**Комисијата се согласи со предлогот на Претседателот на ДИК Александар Чичаковски.**

**Со оглед на тоа дека немаше пријавени за дискусија односно не беа покренати прашања под точката Разно, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**2-та седница на ДИК заврши во 18:40 часот**

Број 08 - 111 / 2
11. 02. 2016
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата и Правилникот за утврдување на начинот и постапката за избор на Генерален секретар на ДИК и Јавниот повик за избор на Генерален секретар на ДИК*